ПРАВЕН ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ
ЗА ДОКТОРИ НА СТОМАТОЛОГИЈА
**ПРАШАЊА**

**БАЗА НА ПРАШАЊА**

## ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**1.Здравствено осигурување во Република Северна Македонија се установува како:**

a) солидарно и еднакво
b) задолжително и доброволно
c) незадолжително и доброволно
d) либерално и слободно

**2. Право на здравствена заштита на товар на Фондот за здравствено осигурување, врз основа на задолжителното здравствено осигурување на осигуреникот, имаат и членовите на неговото семејство:**

a) браќата и сестрите на осигуреникот
b) родителите на осигуреникот
c) брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување
d) сите роднини во права линија до втор степен

**3. За упатување на осигуреникот на лекување во странство одлучува:**

a) специјалист од соодветната гранка
b) посебна комисија во Фондот за здравствено осигурување
c) универзитетска клиника од соодветната гранка
d) матичниот лекар на осигуреникот

**4. Кој е овластен да ја утврдува висината на учеството со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови (партиципација), како и за ослободувањето од партиципација:**

a) директорот на здравствената установата во која се врши услугата
b) министерот за здравство
c) Фондот за здравствено осигурување
d) докторот што ја извршил услугата

**5. Правата од задолжителното здравствено осигурување во рамките на обемот на правата утврдени со закон, осигурените лица ги остваруваат врз основа на:**

a) електронски запис во базата на податоци на Фондот за здравствено осигурување дека придонесот за задолжителното здравствено осигурување е платен
b) потврда од работодавачот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување
c) потврда за засновaн работен однос од Агенцијата за вработување
d) извор од матичната книга на родените

**6. Задолжителното здравствено осигурување во Република Северна Македонија го спроведува:**

a) Владата
b) Фондот за здравствено осигурување
c) Министерството за здравство
d) Собранието

**7. Во основните здравствени услуги кои им се обезбедуваат на осигурените лица со задолжителното здравствено осигурување спаѓаат и:**

a) забнотехнички средства според индикации утврдени со општ акт на Фондот за здравствено осигурување
b) сите забнотехнички средства
c) забнотехнички средства според индикации утврдени со акт на установата во која се изработуваат
d) забнотехнички средства според индикации што ги утврдува докторот

**8. Со задолжителното здравствено осигурување не се опфатени здравствените услуги извршени во здравствени установи кои се надвор од мрежата на здравствени установи, меѓу кои и:**

a) сите забнотехнички средства
b) забнотехнички средства кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување или се изработени од натстандарден материјал во делот на разликата на утврдената референтна цена од страна на Фондот за здравствено осигурување и набавната цена
c) само забнотехнички средства определени од установата изработени од натстандарден материјал
d) забнотехнички средства определени од докторот според самостојна стручна проценка

**9. Здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита на осигурените лица ги обезбедува:**

a) доктор на стоматологија - специјалист по детска и превентивна стоматологија
b) сите специјалисти од областа на стоматологијата
c) избраниот лекар - доктор на стоматологија од примарната стоматолошка здравствена заштита
d) доктор на стоматологија - специјалист по ортодонција и доктор на стоматологија - специјалист по орална хирургија

**10. Избраниот лекар е должен на осигуреното лице да му укажува здравствени услуги од примарната стоматолошка здравствена заштита и да го следи неговото здравје, а во случај на негово отсуство или привремена спреченост за работа, на своите пациенти:**

a) не е должен да им обезбеди замена

b) должен е да им обезбеди замена со соодветен лекар од примарната стоматолошка здравствена заштита
c) должен е да им обезбеди замена со кој било доктор од областа на стоматологијата во мрежата на здравствени установи
d) може да им обезбеди замена по оценка за здравствената потреба на поединечен пациент

## Закон за здравствената заштита

**11. Поимот на здравствена заштита е дефиниран во:**

a) Закон за пензиското и инвалидското осигурување
b) Закон за заштита на населението од заразни болести
c) Законот за здравствената заштита
d) Закон за здравственото осигурување

**12. Здравствената дејност е дејност од:**

a) личен интерес
b) интерес на одделни етникуми и групи
c) јавен интерес
d) заеднички интерес

**13. Докторите на медицина, докторите на стоматологија и дипломираните фармацевти можат самостојно да вршат здравствени услуги:**

a) со положување на стручниот испит и добивање лиценца за работа
b) со завршување на пробната работа, положување на стручниот испит и добивање лиценца за работа
c) со завршување на пробната работа и положување на стручниот испит
d) со завршување на пробната работа и добивање лиценца за работа

**14. Надзор над законитоста на работата на здравствените организации и над стручната работа на здравствените работници и здравствените соработници, врши:**

a) Владата
b) Лекарската, Стоматолошката и Фармацевтската комора
c) Министерството за здравство
d) Фондот за здравствено осигурување

**15. Пробната работа за докторите на стоматологија кои завршиле шестгодишни студии трае:**

a) 6 месеци
b) 10 месеци
c) 12 месеци
d) 18 месеци

**16. Докторите на стоматологија може да специјализираат ако:**

a) имаат завршена пробна работа и положен стручен испит
b) имаат завршена пробна работа, положен стручен испит и лиценца за работа
c) имаат завршена пробна работа и лиценца за работа
d) имаат положен стручен испит и лиценца за работа

**17. Здравствен работник е:**

a) доктор на медицина, доктор на стоматологија и дипломиран фармацевт и лица со завршено средно, вишо или високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата
b) само доктор на медицина, доктор на стоматологија и дипломиран фармацевт
c) доктор на медицина, доктор на стоматологија и лица со завршено средно, вишо или високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата
d) само лице со завршено средно, вишо или високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата

**18. Издавањето, обновувањето, продолжувањето и одземањето лиценца за работа на здравствените работници со високо образование (доктор на медицина, доктор на стоматологија и дипломиран фармацевт) го вршат:**

a) Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување
b) стручните здруженија од соодветната област
c) Лекарската, Стоматолошката и Фармацевтската комора
d) универзитетските клиники од соодветната област

**19. Здравствената дејност се врши:**

a) само во мрежа на здравствени установи
b) во мрежа на здравствени установи и надвор од мрежата на здравствени установи
c) само надвор од мрежа на здравствени установи
d) нема поделба на вршење дејност во мрежа и надвор од мрежа на здравствени установи

**20. Здравствената дејност во мрежата на здравствени установи ја вршат:**

a) само јавни здравствени установи
b) јавни и приватни здравствени установи кои вршат дејност врз основа на лиценца
c) само приватни здравствени установи кои вршат дејност врз основа на лиценца
d) јавни здравствени установи, приватни здравствени установи кои вршат дејност врз основа на лиценца и трговски друштва за потребите на своите вработени

**21. Мрежа на здравствени установи претставува:**

a) определување на потребниот број здравствени установи и видовите на здравствена дејност, односно специјалност кои се обезбедуваат во определени географски подрачја според местото на живеење на корисниците на здравствената заштита, кои треба да се обезбедат во согласност со потребите за здравствена заштита на населението на територијата на Република Северна Македонија

b) определување на произволен број здравствени установи и видовите на здравствена дејност, односно специјалност кои се обезбедуваат во определени географски подрачја независно од местото на живеење на корисниците на здравствената заштита и независно од потребите за здравствена заштита на населението на територијата на Република Северна Македонија
c) определување на определен број здравствени установи и видовите на здравствена дејност, односно специјалност кои се обезбедуваат во определени географски подрачја според местото на живеење на корисниците на здравствената заштита, кои не треба нужно да се обезбедат во согласност со потребите за здравствена заштита на населението на територијата на Република Северна Македонија
d) определување на здравствените установи и видовите на здравствена дејност, односно специјалност кои се обезбедуваат во определени географски подрачја според барањата на установите што сакаат да вршат дејност во мрежата и кои треба да се обезбедат во согласност со барањата и оценките на здравствените работници на територијата на Република Северна Македонија

**22. Ниво на здравствена дејност е организираност на здравствената дејност, зависно од нејзините задачи и сложеност, на:**

a) превентива, лекување, нега и рехабилитација
b) мерки за спречување, мерки за рано откривање и мерки за сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето
c) примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита
d) индивидуално ниво на заштита, групно нивно на заштита и општествено ниво на заштита

**23. Итната стоматолошка помош опфаќа:**

a) акутно третирање на стоматолошки случаи во трета смена, како и за време на празници, неработни денови и викенди
b) редовно третирање на стоматолошки случаи во сите смени, како и за време на празници, неработни денови и викенди
c) редовно третирање на стоматолошки случаи само во трета смена, а акутно третирање за време на празници, неработни денови и викенди
d) акутно третирање на стоматолошки случаи само во трета смена, а редовно третирање за време на празници, неработни денови и викенди
e) мерки за спречување, рано откривање и сузбивање на болести

**24. Стоматолошката дејност, како дел од здравствената дејност, опфаќа:**

a) нега и рехабилитација
b) превентивна, куративна и протетичка дејност
c) превентива, лекување и рехабилитација

**25. Здравствени установи што вршат стоматолошка дејност на примарно ниво се:**

a) ординации, поликлиники, заботехнички лабораториии и здравствени домови

b) ординации, поликлиники, заботехнички лаборатории, здравствени домови и универзитетски клинички центар согласно со карактерот на дејноста и во функција на спроведување на образовната и научноистражувачката дејност
c) општи, специјализирани и клинички болници
d) институти и универзитетски клиники

**26. Избран лекар од областа на стоматологијата е:**

a) доктор на стоматологија од примарната стоматолошка здравствена заштита
b) доктор на стоматологија - специјалист по стоматолошка протетика
c) доктор на стоматологија - специјалист по ортодонција
d) доктор на стоматологија - специјалист по детска и превентивна стоматолошка здравствена заштита

**27. Ординација на примарно ниво од областа на стоматологијата спроведува здравствена дејност ако се исполнети условите за вршење на дејноста по:**

a) стоматолошка протетика
b) општа стоматологија
c) ортодонција
d) орална хирургија

**28. Здравствен дом врши стоматолошка дејност во областа на:**

a) итна стоматолошка помош и стоматолошка заштита на сите пациенти
b) итна стоматолошка помош и стоматолошка заштита на деца до 14 годишна возраст
c) итна стоматолошка помош и стоматолошка заштита на пациенти над 60-годишна возраст
d) превентивна, куративна и протетичка дејност за сите пациенти

**29. Дневна болница претставува начин на третман на пациентот, според кој за здравствените услуги за дијагностика, терапија, нега и рехабилитација кои се вршат на секундарно ниво:**

a) не е потребен престој во болница не подолг од 8 часа дневно
b) е потребен престој во болница без ограничување на времетраењето на третманот
c) е потребен престој во болница од 8 до 24 часа
d) не е воопшто потребен престој во болница

**30. Лиценца за работа претставува јавна исправа која:**

a) го докажува видот и степенот на образование на здравствениот работник
b) ја докажува стручната обученост на здравствениот работник за вршење на здравствени услуги
c) не ја докажува стручната обученост на здравствениот работник и нема значење за правото за вршење на здравствени услуги
d) го докажува нивото видот и степенот на образование на здравствениот работник и нивото на стручната обученост

**31. Носители на здравствената дејност се:**

a) доктори на медицина, доктори на стоматологија и дипломирани фармацевти со положен стручен испит, кои не е неопходно да имаат лиценца за работа
b) здравствени работници со средно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата со соодветна лиценца за работа
c) здравствени соработници од сите профили
d) доктори на медицина, доктори на стоматологија и дипломирани фармацевти со соодветна лиценца за работа

**32. Стручно упатство претставува:**

a) збир на систематски развиени заклучоци за успешноста и ефикасноста на начините и постапките за третирање на определена здравствена состојба, кои се темелат врз оцената на доказите за најсоодветните начини за здравствен третман на пациентите (медицина заснована на докази)
b) преглед на ставови за успешноста и препораки за ефикасноста на начините и постапките за третирање на определена здравствена состојба, кои се темелат на размена на искуства на здравствените работници
c) анализа на заклучоци за успешноста и ефикасноста на начините и постапките за третирање на определена здравствена состојба, кои се темелат врз сознанија на здравствените работници до кои дошле во својата секојдневна работа
d) консолидирани мислења на докторите за успешноста и нивни препораки за ефикасноста на начините и постапките за третирање на определена здравствена состојба, кои се темелат на размислувања, искуства и практични сознанија

**33. Лиценцата за работа се издава:**

a) за период од пет години
b) за период од три години
c) за период од седум години
d) доживотно

**34. Доктор на медицина, доктор на стоматологија и дипломиран фармацевт може да се стекне со лиценца за работа, ако има:**

a) завршено соодветно образование од областа на медицината, стоматологијата, односно фармацијата, извршена пробна работа и положен стручен испит
b) завршено соодветно образование од областа на медицината, стоматологијата, односно фармацијата и извршена пробна работа
c) завршено соодветно образование од областа на медицината, стоматологијата, односно фармацијата и положен стручен испит
d) завршена пробна работа во медицината, стоматологијата, односно фармацијата и положен стручен испит

**35. На доктор на стоматологија може да му се обнови лиценцата за работа ако во периодот на важноста на лиценцата со континуирано стручно усовршување, преку следење на новините во стоматологијата и унапредување на сопственото знаење, се стекнал со соодветен број бодови и:**

a) за целото време на важноста на лиценцата за работа работел во дејноста за која стекнал лиценца за работа
b) најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа работел во дејноста за која стекнал лиценца за работа, при што, на негово барање, во најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа може да се смета времето на работа во стоматолошка здравствена заштита
c) најмалку 20% од времето на важноста на лиценцата за работа работел во дејноста за која стекнал лиценца за работа и другото време на работа во стоматолошка здравствена заштита
d) најмалку 80% од времето на важноста на лиценцата за работа работел во стоматолошка здравствена заштита

**36. На доктор на стоматологија или специјалист од областа на стоматологијата кој не ги исполнува законските услови за обновување на лиценцата за работа може привремено да му се продолжи лиценцата за работа за наредните шест месеци и по повторно да се стекне со лиценца за работа, под услов:**

a) во овој период од шест месеци успешно да заврши дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности согласно со програма за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности што ја донесува Стоматолошката комора
b) по изминувањето на овој период од шест месеци успешно да заврши дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности согласно со програма за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности што ја донесува Стоматолошката комора
c) во овој период од шест месеци успешно да заврши дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности во здравствена установа по негов избор
d) по изминувањето на овој период од шест месеци да побара повторно издавање на лиценцата за работа, без оглед на обврската за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности согласно со програма за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности што ја донесува Стоматолошката комора

**37. Еден од условите за привремено одземање на лиценцата за работа на доктор на стоматологија или специјалист од областа на стоматологијата, кое може да се изврши најмногу за период од седум години, е:**

a) ако докторот не ја продолжи лиценцата за работа во роковите утврдени со Законот за здравствената заштита
b) ако докторот не заснова работен однос во установа во која вршел пробна работа
c) ако докторот ја продолжи лиценцата за работа во роковите утврдени со Законот за здравствената заштита
d) ако докторот не основа приватна здравствена установа согласно лиценцата за работа

**38. Трајно одземање на лиценцата за работа се врши ако:**

a) со акт на Стоматолошката комора докторот е исклучен од членство во Комората
b) со одлука на директорот на здравствената установа во која засновал работен однос се утврди дека докторот сторил стручен пропуст или грешка при работата со што предизвикал трајно нарушување на здравјето или смрт на болниот
a) со правосилна судска одлука се утврди дека докторот не сторил стручен пропуст или грешка при работата и не предизвикал трајно нарушување на здравјето или смрт на болниот
b) со правосилна судска одлука се утврди дека докторот сторил стручен пропуст или грешка при работата со што предизвикал трајно нарушување на здравјето или смрт на болниот

**39. Против решението за привремено и трајно одземање на лиценцата за работа, докторот:**

a) нема право на жалба
b) има право на жалба до Македонското стоматолошко друштво
c) има право на жалба до министерот за здравство
d) има право на жалба до здравствената установа во која имал заснован работен однос непосредно пред донесување на решението

**40. Специјализациите и супспецијализациите од областа на стоматологијата се спроведуваат во:**

a) високообразовните установи и здравствените установи, акредитирани од министерот за здравство, со полно работно време
b) здравствените установи во кои специјализантот засновал работен однос, без оглед на акредитацијата од министерот за здравство
c) здравствените установи акредитирани од министерот за здравство, без да го посетува делот од програмата и планот во високообразовните установи
d) високообразовните установи, без да го посетува делот од програмата и планот во здравствените установи, акредитирани од министерот за здравство

**41. Статут на комората донесува:**

a) Собранието на комората
b) Министерот за здравство
c) Претседателот на комисијата за стручни стоматолошки прашања
d) Претседателот на извршниот одбор на комората

**42. Највисок орган на комората е:**

a) Собранието на комората

b) претседателот на комисијата за економски прашања

c) претседателот на комората

d) претседателот на комисијата за стручни прашања

**43. Стручниот надзор над работата на здравствените работници коморите го вршат врз основа на годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници, на кој согласност дава**

a) министерот за здравство

b) надзорниот одбор

c) претседателот на комората

d) Фондот за здравствено осигурување

**44. Надзорот над законитоста на работата на коморите во вршењето на јавното овластување го врши:**

a) Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат

b) Фондот за здравствено осигурување

c) извршниот одбор

d) претседателот на комората

## ЗАКОН ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО

**45. Здравствените установи, во однос на основната медицинска документација поврзана со стоматолошкиот третман:**

a) се должни да ја водат само по барање на пациентот
b) се должни да ја водат
c) не се должни да ја водат
d) се должни да ја водат по сопствена оценка на докторот

**46. Здравствениот работник при вршење на здравствените прегледи, односно другите услуги што ги извршил, во основната медицинска документација е должен:**

a) да внесе сопствени коментари, без оглед на наодот и резултатите од прегледот,
b) да направи сопствена проценка дали да ги внесе наодот и резултатите од прегледот, односно другите услуги што ги извршил
c) да ги внесе наодот и резултатите од прегледот, односно другите услуги што ги извршил
d) од секој поединечен пациент да побара согласност за внесување на наодот и резултатите од прегледот, односно другите услуги што ги извршил

**47. Здравствениот работник е должен да ги потврди наодот и резултатите од прегледот, односно другите услуги што ги дал, како и да ги потврди сите податоци кои ги внесува во индивидуалните или збирните евиденции:**

a) со својот потпис и печат или со својот електронски потпис
b) со своја изјава на крајот на секој поединечен запис
c) не е должен да ги потврдува со никаков акт или дејствие
d) со устен коментар даден на пациентот по внесување на податоците

**48. За целосноста и точноста на податоците внесени во евиденциите кои се однесуваат наодот и резултатите од прегледот е одговорен:**

a) директорот на установата во која е направен наодот и е извршен прегледот
b) здравствениот работник кој врши запишување на податоците во средствата за евиденција, а за точноста на податоците дадени со изјава, одговорно е лицето кое ја дало изјавата
c) пациентот за кој се однесуваат наодот и резултатите од прегледот што се запишуваат
d) не е одговорен ниту здравствениот работник кој врши запишување на податоците, ниту лицето што ги дава податоците со изјава

**49. Во здравствените установи основната медицинска документација се чува 15 години од последниот внес на податоци, здравствениот картон и историјата на болеста се чува 15 години по смртта на болниот, а стоматолошкиот картон**

a) се чува трајно
b) се чува 15 години по смртта пациентот

c) не се чува воопшто
d) се чува една година

**50. Во однос на здравствените и личните податоци што ги водат, здравствените установи:**

a) не се должни да одговорат на барањето на поединецот за копија на неговите здравствени и лични податоци
b) се должни, на барање на поединецот и на негов трошок, да му дадат копија на неговите здравствени и лични податоци, но само ако побараат и изјава за оправданоста на барањето пред да му дадат копија од бараните податоци
c) се должни, на барање на поединецот и на негов трошок, да му дадат копија на неговите здравствени и лични податоци
d) се должни да го информираат носителот на дејноста и од него да побараат дозвола за барањето на поединецот да му дадат копија на неговите здравствени и лични податоци

**51. Во однос на здравствените и личните податоци што ги водат, освен во случаите кога деловно способно лице пред смртта дало писмена изјава со барање за откривање на здравствените и личните податоци, при што таквата одлука се почитува и по неговата смрт, во сите други случаи здравствените установи:**

a) се должни да обезбедат заштита на податоците и по смртта на поединецот на кој се однесуваат
b) обезбедуваат заштита на податоците и по смртта на поединецот на кој се однесуваат само по одлука на директорот на установата
c) не се должни да обезбедат заштита на податоците по смртта на поединецот на кој се однесуваат
d) обезбедуваат заштита на податоците и по смртта на поединецот на кој се однесуваат само по одлука на докторот

## ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

**52. Пациентот има право да биде информиран за имињата, стручната подготовка и специјализацијата на здравствените работници кои му укажуваат непосредно здравствена заштита, преку:**

a) задолжително истакнување на сите облици на стручно усовршување за здравствените работници
b) задолжително јавно истакнување на лиценцата за работа издадена од соодветната комора во просторијата каде што работи
c) јавно истакнување на доказот за положен стручен испит за здравствените работници
d) јавно истакнување на лиценцата за работа издадена од соодветната комора на влезот на установата

**53. Во однос на остварувањето и заштитата на правата на пациентите, здравствената установа:**

a) не е должна да дава правни совети и правна помош на пациентите
b) може да дава правни совети и правна помош на пациентите само ако од пациентот ги наплати тие услуги
c) должна е да дава правни совети и правна помош на пациентите
d) должна е да дава правни совети и правна помош на пациентите само по одобрување од докторот

**54.** Во однос на остварувањето и заштитата на правата на пациентите, здравствената установа:

a) должна е да ги информира и обучува здравствените работници, здравствените соработници и другите вработени во здравствената установа за остварувањето на правата на пациентите во согласност со закон
b) не е должна да ги информира и обучува здравствените работници, здравствените соработници и другите вработени во здравствената установа за остварувањето на правата на пациентите
c) може да ги информира и обучува здравствените работници, здравствените соработници и другите вработени во здравствената установа за остварувањето на правата на пациентите во согласност со закон, но нема должност за тоа
d) ги информира и обучува здравствените работници, здравствените соработници и другите вработени во здравствената установа за остварувањето на правата на пациентите само по оценка на директорот на установата

**55. Во однос на остварувањето и заштитата на правата на пациентите согласно Законот за заштита на правата на пациентите, здравствената установа:**

a) не е должна да го истакне текстот на законот
b) должна е на видно и лесно достапно место да го истакне текстот на законот само ако пациентот го побара тоа
c) должна е да го истакне текстот на законот на кое било место во установата, без оглед на проценката дали тоа е видно и лесно достапно место за пациентите
d) должна е на видно и лесно достапно место да го истакне текстот на законот

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
д-р Мирлинд Селими

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ